РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 09-170/27
17.02 2026 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Скопје - Shkup
Примено: / Pranuar:
| Орг. Един. / Njesia Org. | Број: / Numer: | Прилог: / Shtojcë: | Вредност: / Vlerë: |
|---|---|---|---|
| 26-49/41 | 18-02-2026 | | |

Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës – Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

**до:** Министерство за образование и наука
Педагошка служба

**од**: Биро за развој на образование,

**предмет:** Мислење за ракопис на учебник

**дата:** 9.2.2026 година, Скопје

**врска ваш број:** 26-49/40 од 28.1.2026 година

**Почитувани,**

Со допис до Бирото за развој на образованието имате доставено ракописи за учебниците по предметот Граѓанско образование за VIII (осмо) одделение во основното образование.

Во прилог ви доставуваме стручно мислење за доставените ракописи за учебниците по Граѓанско образование за VIII (осмо) одделение во основното образование.

Со почит,
Биро за развој на образованието
директор
м-р Милка Тримчевска

М.П.

Изготвил: Комисија со Решение бр.02-170/11 од 2.2.2026 година
Контролирал: м-р Афродита Давко, раководител на одделение
Одобрил: Ајше Ајрулаи, раководител на сектор

Прилог: Стручно мислење за ракописи на учебници по предметот Граѓанско образование за VIII (осмо) одделение во основното образование.

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

**СТРУЧНО МИСЛЕЊЕ ЗА РАКОПИС НА УЧЕБНИК ПО ПРЕДМЕТОТ ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА VIII ОДДЕЛЕНИЕ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Бирото за развој на образованието изработи образложено стручно мислење за ракописите за учебниците по предметот Граѓанско образование, кое се темели врз основа на наставната програма по предметот Граѓанско образование за VIII (осмо) одделение во основното образование и Методологијата за вреднување на учебници.

Ракописот за учебник по предметот Граѓанско образование за VIII (осмо) одделение во основното образование **(Шифра 30)** ги содржи сите теми, содржини и поими предвидени со наставната програма и истите придонесуваат за постигнување на резултатите од учењето и стандардите за оценување предвидени со наставната програма.

Содржините се развиени согласно стандардите за оценување од соодветните теми во наставната програма и се базирани на современи, научно засновани и релевантни сознанија. Обемот и сложеноста на содржините кои се разработени соодветствуваат на нивото на когнитивниот развој на учениците.

Во ракописот опфатени се поими кои се утврдени во наставната програма. Учебникот располага и со дополнителни поими кои служат за проширување и продлабочување на знаењата на учениците.

Понудените активности во ракописот се солидно осмислени и поттикнуваат учениците критички да размислуваат, да можат да дискутираат со свои ставови и со тоа да достигнат до највисокото ниво на Блумовата таксономија, односно да имаат творечки однос кон наученото.

Во однос на критериумот поврзаност со учењето и поучувањето, учебникот е структуриран и организиран да овозможи прегледност и лесно користење.

Целиот текст во учебникот е напишан во ист стил. Варијациите во фонтовите и боите го олеснуваат увидот во структурата на учебникот на тој начин што се соодветно избрани и доследно применети во целиот учебник.

Илустрациите се соодветно насловени и визуелно одделени од текстот. Во сите лекции, прашањата/активностите за учениците се посебно графички обликувани и логички распоредени. Сите фотографии се со јасна резолуција, а корицата илустративно упатува на наставниот предмет на којштo се однесува.

Со тоа може да се заклучи дека ракописот за учебник по предметот Граѓанско образование за VIII (осмо) одделение во основното образование **(Шифра 30)** е во целост

усогласен со наставната програма, целосно ги задоволува критериумите од Методологијата за вреднување на учебник со што Бирото за развој на образованието **ДАВА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ**.

Ракописот за учебник по предметот Граѓанско образование за VIII (осмо) одделение во основното образование **(Шифра 31)** ги содржи сите теми, содржини и поими предвидени со наставната програма. Обемот и сложеноста на содржините кои се разработени не соодветствуваат на нивото на когнитивниот развој на учениците односно се преобемни. Во ракописот опфатени се поимите кои се утврдени во наставната програма.

Во однос на критериумот поврзаност со учењето и поучувањето, учебникот не е структуриран и организиран да овозможи прегледност и лесно користење.

Целиот текст во учебникот е напишан во ист стил. Забележани се неколку печатни грешки. Варијациите во фонтовите и боите не го олеснуваат увидот во структурата на учебникот на тој начин што не се соодветно избрани и доследно применети во целиот учебник.

Илустрациите не се соодветно насловени и визуелно одделени од текстот. Сите фотографии не се со јасна резолуција, а корицата илустративно упатува на наставниот предмет на којшто се однесува.

Со тоа може да се заклучи дека ракописот за учебник по предметот Граѓанско образование за VIII (осмо) одделение во основното образование **(Шифра 31)** е во целост усогласен со наставната програма, но не ги задоволува целосно критериумите од Методологијата за вреднување на учебник со што Бирото за развој на образованието **НЕ ДАВА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ**.

Ракописот за учебник по предметот Граѓанско образование за VIII (осмо) одделение во основното образование **(Шифра 32)** ги содржи сите теми, содржини и поими предвидени со наставната програма, но истите не се добро структурирани, па некои содржини графички изгледаат како теми. Може да се заклучи и дека истите не придонесуваат за постигнување на резултатите од учењето и стандардите за оценување предвидени со наставната програма. Обемот и сложеноста на содржините кои се разработени не соодветствуваат на нивото на когнитивниот развој на учениците. Во ракописот опфатени се поимите кои се утврдени во наставната програма.

Нема доволно понудени активности во ракописот, а тие што ги има не се добро разработени и се предвидуваат дискусии на пониско ниво и главно се дадени активности за домашна работа.

Во однос на критериумот поврзаност со учењето и поучувањето, учебникот не е структуриран и организиран да овозможи прегледност и лесно користење. Целиот текст во учебникот не е напишан на ист стил. Илустрациите не се соодветно насловени, не се визуелно одделени од текстот и не се во функција на текстот. Има преголеми илустрации, илустрации какракеристични за списанија без никакво објаснување и илустрации со лоша резолуција.

Со тоа може да се заклучи дека ракописот за учебник по предметот Граѓанско образование за VIII (осмо) одделение во основното образование **(Шифра 32)** не е усогласен со наставната програма и не ги задоволува целосно критериумите од Методологијата за вреднување на учебник со што Бирото за развој на образованието **НЕ ДАВА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ**.

**Образложеното стручно мислење е изготвено од стручна комисија формирана од Директорот на Бирото за развој на образованието со Решение бр. 02-170/11 од 2.2.2026 година.**

м-р Оливер Станојоски, пом. раководител на сектор ____________________

Ирена Борисовска, советник ____________________

Соња Радевска, помлад соработник ____________________